# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**

Излегува по потреба

www.veles.gov.mk

**Број 2 година LVIII**

**01 март 2022 година**

**opve@veles.gov.mk**

**Бр.26**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за неусвојување Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**

Се објавува Заклучокот за неусвојување Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/1
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,3/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за НЕусвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**

1.Советот на Општина Велес НЕ го усвои Кварталниот извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-1130/2
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр. 27**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2022 година**

Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2022 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/2
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002год) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21год.),по предлог на Градоначалникот на О.Велес,
Советот на општина Велес на 9-та седница,одржана на 25.02.2022 година, донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Велес**
За **2022** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаВелес за 2022 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 11.089.700 | 0 |
| 744311 | Други тековни донацции | 0 | 0 | 62.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **11.151.700** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 344.720 | 0 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 1.118.480 | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 0 | 62.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 60.100 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 420.400 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 0 | 4.454.000 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 72.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 120.000 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 4.500.000 | 0 |
| **NA0** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 200.000 | 0 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | -200.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **11.151.700** | **0** |

Број 25-1130/3
28.02.2022 год.
Велес

Претседател на Советот на Општината
**Зоран Љутков**

**бр. 28**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година**

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/3
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21) член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општината Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15 /14, 15/18, 06/19 и 8/21), а согласно Колективниот договор за вработените на Општина Велес донесен на 12.01.2022 година.

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на 25.02 .2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година („Службен гласник на Општина Велес бр. 21/21) во членот 11, став 3, алинеа 1, зборот „наменската” се брише.

**Член 2**

Во член 13, став 2 се менува и гласи: „Висината на надоместокот за годишен одмор - регрес се утврдува во висина од 60% од износот на просечната плата на ниво на Републиката исплатена во последните три месеци, а се исплаќа најдоцна до декември за тековната година“.

**Член 3**

Текстот во член 16 се брише и се заменува со следниот:

“Во случај на смрт на вработен во Општина Велес, на неговото семејство му припаѓа парична помош, воедно и во случај на смрт на член на потесното семејство (родител. брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување), му припаѓ а парична помош во двократен износ на просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош од двократен износ на просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.

На вработениот во локалната јавна установа, во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од став 1, 2 и 3 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта, а по донесување на решение од раководното лице.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавецот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања. “

**Член 4**

Во член 17, став 1 се менува и гласи:

„Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.“

**Член 5**

Во член 18, после став 1 се додаваат два нови става кои гласат:

„На вработените кои ќе членуваат во работа на посебно формирани комисии им следи додаток на плата, кој ќе биде утврден со посебно изготвен Правилник, а средствата ќе се исплаќаат од Буџетот на општината.

На вработениот му следи еднократен надоместок, под услови и висина која ја одредува работодавецот во зависност од расположливите средства во Буџетот на општината. Истиот се исплаќа најдоцна до крајот на календарската година.“

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува за 2022 година.

Број 25-1130/4
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одд. за фин. прашања;
- Мин. за финасии;
- Списи и архива.

**бр. 29**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за учество на Општина Велес во проектот „Креативни можности во туризмот“ (CounT) одобрен во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ**

Се објавува Одлуката за учество на Општина Велес во проектот „Креативни можности во туризмот“ (CounT) одобрен во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/4
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 и 18/10), а во согласност со Одлуката за утврдување на приоритетен проект за апликација во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 03/20)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.02.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за учество на Општина Велес во проектот „Креативни можности во туризмот“ (CounT) одобрен во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грцијаи Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес се согласува да го имплементира проектот „Креативни можности во туризмот“ (CounT) финансиран од ЕУ и одобрен во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија.

Општина Велес прифаќа финансиско учество во проектот во согласност со одобрениот буџет модифициран по процесот на преговарање.

**Член 2**

Вкупниот одобрен буџет за имплементација на проектот изнесува 655.732,85 евра.

Финансиската поддршка за Општина Велес како водечки партнер на проектот изнесува 438.452,25 евра.

Финасиската поддршка за Регионалната агенција за развој на Флорина изнесува 217.280,60 евра.

**Член 3**

Висината на средствата од 85% од буџетот на проектот се финансирани од Европската Унија.

Остатокот на средствата од 15% од буџетот на проектот во висина 438.452,25 евра одобрен за Општина Велес или 65,767.83 евра ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Велес преку Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2022 година.

По завршувањето на проектот и доставување на финасискиот извештај, средствата за учество во проектот ќе бидат вратени во Буџетот на Општина Велес од страна на Министерството за локална самоуправа.

**Член 4**

Општина Велес ги прифаќа операциите за имплементација на проектот во согласност со член 71 од Регулативата на ЕУ бр. 1303/2013 за операции за инфраструктура и инвестиции.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/5
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.30**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани - културните манифестации „59.Рацинови средби“ и „55.Детски Рацинови средби“**

Се објавува Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани - културните манифестации „59.Рацинови средби“ и „55.Детски Рацинови средби“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/5
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно Програмата на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/21), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културните манифестации „59.Рацинови средби и 55.Детски Рацинови средби“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес врши делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здруженија на граѓани од областа на културата (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

**Член 2**

Се делегира надлежноста за реализација на манифестациите 59.Рацинови средби и 55.Детски Рацинови средби предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2022 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа Одлука Советот на Општина Велес ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на културата.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Велес ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

**Член 5**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни извештаи за својата работа до Градоначалникот и Годишен извештај до Советот на Општина Велес.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки и информатичка технологија и поддршка на градоначалникот и Одделението за јавни дејности.

**Член 6**

Надлежноста од член 2 од оваа одлука ќе се финансира од Буџетот на Општина Велес, како и од донации и спонзорства.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/6
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.31**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани-културната манифестација „Велес мурал фест“**

Се објавува Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани-културната манифестација „Велес мурал фест“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/6
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21) , а согласно Програмата на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/21), по предлог на Градоначалникот:

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културната манифестација „Велес мурал фест“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес врши делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здруженија на граѓани од областа на културата (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

**Член 2**

Се делегира надлежноста за реализација на културната манифестација „Велес мурал фест“ предвидена во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2022 година.

„Финансиските средства во висина од 200.000,00 денари за реализација на културната манифестација „Велес мурал фест“ ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Велес од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2022 година, како дел од средствата планирани во глава 1, точка 1.3, „Култура низ сите годишни времиња“, „Велес мурал фест“, Фестивал „Насмеј се!“, „Фестивал на џез, ворлд и современа музика и др“.

**Член 3**

Врз основа на оваа Одлука Советот на Општина Велес ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на културата.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Велес ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

**Член 5**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни извештаи за својата работа до Градоначалникот и Годишен извештај до Советот на Општина Велес.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки и информатичка технологија и поддршка на градоначалникот и Одделението за јавни дејности.

**Член 6**

Надлежноста од член 2 од оваа одлука ќе се финансира од Буџетот на Општина Велес, како и од донации и спонзорства.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/7
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.32**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани - културната манифестација „Насмеј се“**

Се објавува Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани - културната манифестација „Насмеј се“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/7
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21) а согласно Програмата на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/21), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културната манифестација „Насмеј се“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес врши делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здруженија на граѓани од областа на културата (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

**Член 2**

Се делегира надлежноста за реализација на културната манифестација „Насмеј се“ предвидена во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2022 година.

Финансиските средства во висина од 750.000,00 денари за реализација на културната манифестација „Насмеј се“ ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Велес од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2022 година, како дел од средствата планирани во глава 1, точка 1.3, „Култура низ сите годишни времиња“, „Велес мурал фест“, Фестивал „Насмеј се!“, „Фестивал на џез, ворлд и современа музика и др“.

**Член 3**

Врз основа на оваа Одлука Советот на Општина Велес ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на културата.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Велес ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

**Член 5**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни извештаи за својата работа до Градоначалникот и Годишен извештај до Советот на Општина Велес.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки и информатичка технологија и поддршка на градоначалникот и Одделението за јавни дејности.

**Член 6**

Надлежноста од член 2 од оваа одлука ќе се финансира од Буџетот на Општина Велес, како и од донации и спонзорства.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/8
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р.

**бр.33**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани-културната манифестација „Фестивал на џез, ворлд и современа музика“**

Се објавува Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани-културната манифестација „Фестивал на џез, ворлд и современа музика“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/8
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалнат самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно Програмата на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/21), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културната манифестација „Фестивал на џез, ворлд и современа музика“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес врши делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здруженија на граѓани од областа на културата (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

**Член 2**

Се делегира надлежноста за реализација на културната манифестација „Фестивал на џез, ворлд и современа музика“ предвидена во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2022 година.

Финансиските средства во висина од 300.000,00 денари за реализација на културната манифестација „Фестивал на џез, ворлд и современа музика“ ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Велес од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2022 година, како дел од средствата планирани во глава 1, точка 1.3 „Култура низ сите годишни времиња“, „Велес мурал фест“, Фестивал „Насмеј се!“, „Фестивал на џез, ворлд и современа музика и др“.

**Член 3**

Врз основа на оваа Одлука Советот на Општина Велес ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на културата.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Велес ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

**Член 5**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни извештаи за својата работа до Градоначалникот и Годишен извештај до Советот на Општина Велес.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки и информатичка технологија и поддршка на градоначалникот и Одделението за јавни дејности.

**Член 6**

Надлежноста од член 2 од оваа одлука ќе се финансира од Буџетот на Општина Велес, како и од донации и спонзорства.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/9
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.34**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани - културната манифестација „Меѓународна скулпторска колонија“**

Се објавува Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани - културната манифестација „Меѓународна скулпторска колонија“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/9
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21) , а согласно Програмата на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/21), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културната манифестација „ Меѓународна скулпторска колонија“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес врши делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здруженија на граѓани од областа на културата (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

**Член 2**

Се делегира надлежноста за реализација на културната манифестација „Меѓународна скулпторска колонија“ предвидена во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2022 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа Одлука Советот на Општина Велес ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на културата.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Велес ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

**Член 5**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни извештаи за својата работа до Градоначалникот и Годишен извештај до Советот на Општина Велес.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки и информатичка технологија и поддршка на градоначалникот и Одделението за јавни дејности.

**Член 6**

Надлежноста од член 2 од оваа одлука ќе се финансира од Буџетот на Општина Велес, како и од донации и спонзорства.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/10
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.35**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес**

Се објавува Одлуката за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/10
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/20), член 4 од Одлука за намена на простор во ЛБ „Гоце Делчев” во сопственост на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 09/21) и член 3 и 4 од Одлука за утврдување на услови за избор на Младинска организација или Организација за млади за раководење со Младински центар во Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 12/21), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06,3/09,18/10,15/14,15/18, 6/19 и 8/21), по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25. 02. 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес.

**Член 2**

Младинскиот центар е од отворен тип и ќе биде достапен на младите најмалку 40 часа неделно, распоредени во најмалку 5 дена, утврдено по Правилникот за стандарди за квалитет на Младинските центри (арх. бр. 12-923/1, од 07.04.2021 година), донесен од Агенцијата за млади и спорт.

**Член 3**

Наменетиот простор за функционирање на Младинскиот центар во Велес во ЛБ „Гоце Делчев” ќе се додели на управување на избраната/те организација или група организации, по завршувањето на Јавниот повик.

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да спроведе објава на Јавниот повик и истиот на транспарентен начин биде јавно објавен на официјалната интернет страница на општината.

**Член 4**

Правото на учество и условите кои треба да ги исполнуваат апликантите ќе бидат утврдени во посебно изготвен Правилник, кој го донесува Советот на Општина Велес.

**Член 5**

Општина Велес секоја година во Буџетот на Општина Велес е должна да обезбеди финансиски средства во процентуална вредност од 50% до 70% од вкупно потребните средства утврдени со тригодишна Програма за работа на Младинскиот центар, додека останатите средства организацијата која ќе раководи со Младинскиот центар ги обезбедува од други извори.

**Член 6**

Градоначалникот на Општина Велес, формира Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1130/11
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.36**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Правилник за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес**

Се објавува Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/11
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02), членот 3 и 4 од Одлука за утврдување на услови за избор на Младинска организација или Организација за млади за раководење со Младински центар во Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/21), точка 3 од Правилникот за стандарди на квалитет на младинските центри (арх. бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година) донесен од Агенција за млади и спорт, а во согласност со член 45, став 1 од од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" број 12/06, 03/09, 19/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МЛАДИ КОЈА ЌЕ РАКОВОДИ СО МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР ВО ВЕЛЕС

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката за објавување на Јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес, потребните документи при постапката на аплицирање од страна на апликантот, како и информација за формирање и работа на Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик.

**Член 2**

На Јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес имаат право да се пријават младински организации или организации за млади со седиште или подружница во Општина Велес кои се регистрирани во Регистарот на младински организации и организации за млади, согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за младинско учество и младински политики.

**Член 3**

Наменетиот простор за функционирање на Младинскиот центар во Велес (Одлука за намена на простор во ЛБ „Гоце Делчев" во сопственост на Општина Велес, арх. бр. 25-2630/5 од 01.07.2021 година) ќе биде доделен на управување на избрана организација или група организации, по потпишување на Договор за раководење со Младински центар со Општина Велес, во временски период од 3 (три) години.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

Со цел да се реализира донесената Одлука од Советот на Општина Велес за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес, Општина Велес објавува Јавен повик.

Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Велес (www.veles.gov.mk).

Јавниот повик трае 30 (триесет) дена од денот на објавувањето.

Во прилог на Јавниот повик ќе бидат објавени сите потребни Формулари за поднесување апликации (достапни во електронска верзија), изработени врз основа на Стандардите за квалитет на младинските центри од Правилникот на Агенцијата за млади и спорт.

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 5**

Право на учество на Јавниот повик имаат:

- младински организации или

- организации за млади со седиште или подружница во Општина Велес кои се регистрирани во Регистарот на младински организации и организации за млади, согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за младинско учество и младински политики;

- организации за млади со седиште или подружница во Општина Велес кои се регистрирани во Регистарот на младински организации и организации за млади и чадор организации при Агенцијата за млади и спорт;

- постојат повеќе од 3 (три) години и работат во полето на младинската работа.

**Член 6**

Заинтересираната организација / организации, потребно е да достави/ат:

- Пријава;
- Годишна програма за работа на Младинскиот центар, која ги исполнува Стандардите за квалитет на Младинските центри, преку која ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот на заедницата преку:
    - Неформално образование: обучување и подучување на млади;
    - Информирање, менторство, подучување и советување;
    - Информално искуствено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади.
- Годишен буџет за спроведување на предложената програма;
- Портфолио на организацијата или организациите кои се пријавуваат на Јавниот повик, во кое јасно ќе се гледа нејзиниот/нивниот придонес и работа во сферата на младинската работа;
- Биографии на сите лица кои ќе бидат ангажирани во спроведување на годишната програма – квалификувани младински работници врз основа на Националното портфолио за младински работници;
- Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија не постара од шест месеци од организацијата или организациите.

**Член 7**

Пријавите со целокупната документација утврдена во член 6 на овој Правилник, во затворен коверт, се поднесуваат по поштенски пат или лично, до Комисијата за разгледување и евалуација на пријави, во архивата на Општина Велес, на ул. „Панко Брашнар", бр. 1, 1400 Велес, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

Службеникот во архивата на Општина Велес, примените пријави ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат пријавите.

На ковертот треба да е наведена назнаката **„За Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес".**

**Член 8**

За спроведување на постапката, Градоначалникот формира Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик, составена од претседател и 4 (четири) членови.

Комисијата е составена од 3 (три) члена претставници на општинската администрација и 2 (два) члена претставници на Советот на Општина Велес.

Комисијата врз основа на доставената документација за исполнување на критериумите, во рок од 3 (три) дена по завршување на рокот од Јавниот повик, до Градоначалникот ќе достави Мислење со предлог за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес.

Врз основа на доставеното Мислење од Комисијата за разгледување и евалуација на пријави, Градоначалникот, во рок од најмногу 30 (триесет) дена, донесува Решение за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес .

Во рок од 3 (три) дена од донесеното Решение за избор, Градоначалникот склучува Договор за управување со Младинскиот центар во периодот од 3 (три) години, со избраната младинска организација или организации.

Во случај на заедничка пријава од повеќе организации, Договорот ќе биде потпишан со една од организациите (предложена во апликацијата) во име на неформалната група организации.

**Член 9**

По завршување на Јавниот повик, претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави со цел да се утврди дали истите се уредни и комплетни, односно дали ја содржат потребната документација од член 6 на овој Правилник.

Некомплетните барања нема да бидат предмет на понатамошна постапка.

Комисијата ги известува сите учесници на Јавниот повик за резултатите од истиот во рок од 3 дена од денот на донесувањето на Решението за избор.

Известувањето ќе се изврши со објавување на донесеното Решение за избор од Градоначалникот, на официјалната интернет страница на Општина Велес.

**Член 10**

Избраната организација е должна На истекот од календарската година до Советот на Општина Велес да достави Извештај за реализација на годишната програма, воедно и Годишна програма со предлог Буџет за наредната календарска година.

**Член 11**

Овој Правилник влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1130/12
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.37**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата на активностите на Општина Велес во областа на урбанистичкото планирање во 2022 година**

Се објавува Заклучокот за донесување програма за изменување и дополнување на Програмата на активностите на Општина Велес во областа на урбанистичкото планирање во 2022 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/12
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2022 година**

1.Советот на Општина Велес донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/13
28.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр 32/20) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата на активностите на Општина Велес во областа на урбанистичкото планирање во 2022 година**

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на урбанистичкото планирање во 2022 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.19/21) се врши изменување и дополнување и тоа: во глава II –„Активности”, се додава нова точка „3“ – „Изработка на урбанистички проекти:

| | |
|---|---|
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 851/2, КП 851/2, КП 853/1, КП 853/2, КП 853/3, КП 853/4 и КП 853, КО Сујаклари, Општина Велес | |
| Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за КП 500/1, КП 500/2 И КП 501, КО Караслари, со намена Б5.1 – хотелски комплекси, согласно ЛУПД со намена Б5 – хотелски комплекси, на КП 500/1, КП 500/2 И КП 501, КО Караслари, мв.Под Чука, Општина Велес | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела на формирање на градежна парцела на КП БР. 1541/13 КО Караслари, Општина Велес, со намена А4.2- мотели,Општина Велес | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани, (поставени на земја) на КП 2209, КП 2207 и КП 2206, КО Оризари вгр, Општина Велес | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1 згради на патниот сообраќај со инсталации и простори – полигон за обука на возачи на дел од КП 2356 КО оризари вон град, Општина Велес | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со Намена Е 1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани, (поставени на земја) на КП 440/2, КП 441/1, КП 442, КП 441/2, КП 425, КП 426, КП 424, КО Оризари вгр, Општина Велес | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 1193/2 КО Башино Село, општина Велес | |
| УП вон опфат на урбанистички план со намена Е 1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земја) на КП 130, КП 131, КП 132, КП 133, КП 124 и дел од КП 73/1, КО Чалошево - Општина Велес | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е 1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земја) на КП 255, КП 256 и дел од КП 73/1, КО Чалошево, Општина Велес | |

2. Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-1130/13
28.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**бр.38**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на управување доводен цевковод за водоснабдување на населените места Трпезица, Дурутовец и Чалошево и локалниот водоснабдителен систем во с.Чолошево од градскиот водоснабдителен систем Општина Велес на ЈКП „Дервен“**

Се објавува Одлуката за давање на управување доводен цевковод за водоснабдување на населените места Трпезица, Дурутовец и Чалошево и локалниот водоснабдителен систем во с.Чолошево од градскиот водоснабдителен систем Општина Велес на ЈКП „Дервен“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/13
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на РМ" бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 25 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 02/13 и 20/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на управување доводен цевковод за водоснабдување на населените места Трпезица, Дурутовец и Чалошево и локалниот водоснабдителен систем во с.Чолошево од градскиот водоснабдителен систем Општина Велес на ЈКП „Дервен“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес на ЈКП „Дервен“ Велес врши давање на управување (преотстапување) на доводен цевковод за водоснабдување на населените места Трпезица, Дурутовец и Чалошево и локалниот водоснабдителен систем во с.Чолошево, кои не се дел од јавниот водоснабдителен систем.

**Член 2**

Водоснабдителниот систем (водоводните објекти и инсталации) од член 1 на оваа Одлука и неговата техничка исправност е утврдена од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

Од страна на Комисијата е составен записник за техничката исправност на водоснабдителниот систем, со исполнети услови за преотстапување на системот на ЈКП „Дервен“ на управување.

Записникот е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Овластен проценител на Општина Велес изврши проценка на вредноста на водоснабдителниот систем за што е изготвен Извештај за проценка на недвижниот имот кој е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Општина Велес е должна во рок од еден месец од денот на донесувањето на оваа Одлука да склучи договор со ЈКП „Дервен“ во кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски за понатамошно управување на системот согласно закон.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/14
28.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**бр.39**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишен Извештај за спроведување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2021 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишен Извештај за спроведување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2021 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/14
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за спроведување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2021 година**

1.Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за спроведување на Програма за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2021 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-1130/15
28.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**бр.40**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2022 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2022 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/15
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 22, став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.12/06 03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2022 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1130/16
28.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 22, став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02),член 21 од Закон за управување со отпадот („Сл.весник на РСМ" бр.216/21 ) согласно член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09,18/10,15/14,05/18,06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.02.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2022 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

Законските обврски во управувањето со отпад општината го имплементира преку спроведување на Годишни програми за управување со отпад.

Со Програмите за управување со отпад се определуваат мерките, активностите, инструментите за спроведување на програмите и изворите на финансирање.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес е општината да продолжи со систематизирано спроведување на постапни подобрувања на постојниот систем за управување со отпадот.

Специфична цел на Програмата е да определи конкретни мерки и активности што треба да се превземат во тековната година за подобрување на општата состојба во управување со отпадот и заштитата на животната средина.

## III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Со оваа Програма се планираат активности за:

- Интервенција во системот за собирање на комунален, комерцијален, индустриски неопасен отпад и отпад од пакување;
- Расчистување на дивите депонии;
- Превенција од отпад;
- Промоција и имплементација на 3Р(редуцирај, реупотреби, рециклирај) во домаќинствата и комерцијалниот сектор;
- Мониторинг и евалуација на спроведувањето на Програмата/Планот за управување со отпад;
- Се утврдува надзорот во спроведувањето;
- Се утврдува начинот на финансирање.

## IV. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за управување со отпад ќе ја спроведува ЈКП Дервен како овластен оператор за постапување со комуналниот, комерцијалниот, индустриски неопасниот отпад, отпадот од пакување кој претставува комунален отпад, како и отпадот од електрична и електронска опрема, и Општина Велес.

## IV. ПРОГРАМСКИ ОБЛАСТИ

### V.1 ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН, КОМЕРЦИЈАЛЕН И ИНДУСТРИСКИ НЕОПАСЕН ОТПАД

**Задача 1: Замена на отслужени садови за собирање отпад со подземни контејнери**

Оваа година ќе се продолжи со замена на дотраените и стари контејнери на утврдени локации низ градот со подземни контејнери.

Подземниот сад за отпад е стационарен контејнер – подземен систем со сад за прифаќање на отпадот, вкопан во земја, а околу 1/3 од контејнерот е над земја (подземна и надземна единица), непропусен за продирање на атмосферска вода и истекување на исцедок во околината.

Контејнерот е составен од следните делови: резервоар, куќиште, поклопец, ножен систем за отворање, вреќа за собирање на отпадот од водонепропусен и незапаллив полиестер (волументот на вреќата е 3м$^3$ согласно проектната документација).

Во 2021 год. набавено е 1 (едно) специјализирано возило-Автоподигач со дигалка TMB RENAULT за празнење на подземните контејнери и 2 (две) специјални возила автосмеќари IVECO Daily од 5m$^3$.

| **АКТИВНОСТИ** | **Одговорна институција** | **Временска рамка (годишен квартал)** | **Средства од ЈКП Дервен (МКД)** | **Средства од Програмата (МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на основен проект за изградба на подземни контејнери согласно микролокациските услови со ревизија на проектот за нови 22 локации | Општина Велес | I | / | 720.000*<br>I |
| Избор на економски оператор во тендерска постапка | Општина Велес | I | / | /<br>I |
| Набавка и поставување на 5 до 6 подземни контејнери (за кои веќе е обезбедено решение за изградба) | Општина Велес | II | / | 1.560.000 |
| Набавка на вреќа за подземен контејнер | ЈКП Дервен | II | 60.000 | / |
| Набавка на ново возило за празнење и подигнување на подземните контејнери (автосмеќар со грајфер) | ЈКП Дервен | II | 10.000.000 | / |
| **ВКУПНО:** | | | | **2.280.000** |

*финансирањето не е дел од оваа Програма

**Задача 2: Одржување на постојните садови за собирање отпад**

Постојните садови за отпад поставени на јавни површини постојано се оштетуваат заради манипулативни активности, од несовесни граѓани кои складираат шут во истите, нивно палење од жар и пепел што сеуште тлее. Со цел да се задржи основниот изглед на контејнерот и да не се нагрдува урбаната средина се вршат основни поправки на садовите.

| **АКТИВНОСТИ** | **Одговорна институција** | **Временска рамка (годишен квартал)** | **Средства од ЈКП Дервен (МКД)** | **Средства од Програмата (МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Поправка и одржување на контејнери (поставување на капаци, замена на тркалца, репарирање на оштетувања) | ЈКП Дервен | континуирано | 300.000 | / |
| **ВКУПНО:** | | | **300.000** | **/** |

**Задача 3: Набавка на стандардизирани садови за отпад**

Заради продолжување на активностите за стандардизирање на садовите за отпад во домаќинствата и правните субјекти, оваа година ќе се изврши набавка на 1400 стандардизирани канти од 120л. кои ќе бидат дистрибуирани до 700 домаќинства (една зелена канта за комунален отпад, една жолта канта за селектиран отпад).

| **АКТИВНОСТИ** | **Одговорна институција** | **Временска рамка (годишен квартал)** | **Средства од ЈКП Дервен (МКД)** | **Средства од Програмата (МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Избор на улици | Општина Велес, ЈКП Дервен | I | / | / |
| Набавка на канти | Општина Велес | II | / | 1.540.000 |
| Дистрибуција на канти по домаќинства | ЈКП Дервен | II-IV | тековни транспортни трошоци | **/** |
| **ВКУПНО:** | | | / | **1.540.000** |

**Задача 4: Постапување со опасен отпад**

Ќе се продолжи со воспоставените активности за постапување со искористени/отпадни батерии согласно законските обврски.

Активностите предвидуваат превземање на батериите, пополнување на соодветна документација и предавање на истите на колективниот постапувач со кој општината има склучено договор.

| АКТИВНОСТИ | Одговорна институција | Временска рамка (годишен квартал) | Средства од ЈКП Дервен (МКД) | Средства од Програмата (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Собирање и предавање на отпадните батерии | Општина Велес | I- IV | / | / |
| Собирање и предавање на отпадни тонери | Општина Велес | I- IV | / | / |
| **ВКУПНО:** | | | / | **/** |

**Задача 5: Постапување со отпад од електронска и електрична опрема**

Ќе се продолжи со воспоставените активности за постапување со отпадот согласно обврските од Законот за постапување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема кој ќе се превземе и транспортира од страна на колективен постапувач.

| АКТИВНОСТИ | Одговорна институција | Временска рамка (годишен квартал) | Средства од колективен постапувач (МКД) | Средства од Програмата (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Организирање на собирна акција | Општина Велес, колективен постапувач | III | / | / |
| Собирање на отпадот по барање на правни и физички лица | ЈКП Дервен | I- IV | тековни транспортни трошоци | / |
| **ВКУПНО:** | | | **50.000*** | / |

* Потрошените средства ќе бидат фактурирани од страна на ЈКП Дервен и ќе бидат наплатени од колективниот постапувач за вршење на услугата за собирање на електронски отпад од корисниците.

**Задача 6: Постапување со отпадно стакло**

Во општината на различни локации во градот се поставени специјализирани 45 (четириесет и пет) пластични зелени контејнери од 1,5 $m^3$ тип-игло, од Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување „Пакомак“ ДОО Скопје.

Активностите во 2022 год. се планира да интензивираат и покрај постигнатите резултати од примарната селекција на овој вид на отпад. Финансиските средства и активностите за празнење на садовите се обезбедени од колективниот постапувач.

| АКТИВНОСТИ | Одговорна институција | Временска рамка (годишен квартал) | Средства од ЈКП Дервен (МКД) | Средства од Програмата (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Редовно празнење на садовите со отпадно стакло поставени на локации во градот | Овластен постапувач | I- IV | / | / |
| **ВКУПНО:** | | | / | **/** |

**Задача 7: Годишна акција за собирање на габаритен отпад**

Акцијата за собирање на габаритен отпад се организира секоја година пред верскиот празник Велигден. Со акцијата се овозможува организирано отстранување на габаритниот отпад од домаќинствата и правните лица.

| АКТИВНОСТИ | Одговорна институција | Временска рамка (годишен квартал) | Средства од ЈКП Дервен (МКД) | Средства од Програмата (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Спроведување на акцијата (превземање на отпадот и транспорт до депонија, третирање на отпадот) | ЈКП Дервен | I | 200.000 | / |
| **ВКУПНО** | | | **200.000** | **/** |

**Задача 8: Воведување на населените места Сливник и Иванковци во интегрираниот систем за управување со отпад**

Согласно етапното воведување на поголемите рурални средини во интегрираниот систем за управување со отпадот започнат во 2013г., со воведување на нови рурални средини во системот, Програмата се стреми кон постигнување на 100% покриеност на територијата со услугата, елиминирање на практиките на жителите за диво депонирање и неконтролирано палење на отпадот, намалување на ризиците по човековото здравје и редуцирање на емисиите на стакленички гасови.

Со ова ќе се допринесе и кон доследна примена на принципот “универзалност на услугата” со подеднаков пристап кон сите жители на територијата на општината.

| АКТИВНОСТИ | Одговорна институција | Временска рамка (годишен квартал) | Средства од ЈКП Дервен (МКД) | Средства од Програмата (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на теренот за воведување на населеното место во системот | Општина Велес ЈКП Дервен | I | / | / |
| Евидентирање на корисниците | ЈКП Дервен | I | тековни транспортни трошоци | / |
| Склучување на договори | ЈКП Дервен | I | / | / |
| Информирање за начинот и времето на собирање од врата до врата | ЈКП Дервен | I | тековни транспортни трошоци | / |
| Спроведување на системот во руралните средини | ЈКП Дервен | I-II | / | / |
| **ВКУПНО** | | | **/** | **/** |

## V.2 РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

**Задача 1: Спроведување на План за чистење на диви депонии**

Ќе се спроведат активности за расчистување од отпад на простори во урбаната средина, на патиштата и во природата. Со санација и расчистување на дивите депонии ќе се растерети животната средина од отпад.

| АКТИВНОСТИ | Одговорна институција | Временска рамка (годишен квартал) | Средства од ЈКП Дервен (МКД) | Средства од Програмата (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Чистење на депонии во урбана средина, на патишта и во природа од отпад<br>- Диви депонии лево и десно од патот кон Раштани<br>- Диви депонии во населени места Сливник и Горно Оризари<br>- Непредвидени локации за чистење | ЈКП Дервен | I-IV | / | 500.000 |
| **ВКУПНО** | | | **/** | **500.000** |

## V.3 ПРЕВЕНЦИЈА НА ОТПАД

**Задача1: Поддршка на акции и проекти за селекција на отпад**

Со активно вклучување во образовните активности во делот на управување со отпадот, ќе се зголеми јавната свест кај училишната популација за управување со отпад и ќе се продолжи со поддршка на започнатите активности за Интеграција на заштитата на животната средина во македонскиот образовен систем. Општината ќе продолжи со мотивирање на образовните институции за вклучување во селекцијата.

| **АКТИВНОСТИ** | **Одговорна институција** | **Временска рамка (годишен квартал)** | **Средства од ЈКП Дервен (МКД)** | **Средства од Програмата (МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Поддршка на акции "Редуцирај, Реупотреби, Рециклирај" во училиштата и градинката | Општина Велес | II-IV | / | / |
| Сумирање на резултатите од акцијата за 2022г. - Прогласување на најдобар собирен центар за отпад | Општина Велес | IV | / | / |
| **ВКУПНО** | | | **/** | **/** |

## V.4 ПРОМОЦИЈА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА 3Р (РЕДУЦИРАЈ, РЕУПОТРЕБИ, РЕЦИКЛИРАЈ) ВО ДОМАЌИНСТВАТА И КОМЕРЦИЈАЛНИОТ СЕКТОР

**Задача 1: Развивање на кампања за подигнување на јавната свест за промоција на придобивките од 3Р за човековото здравје и животната средина**

Информирањето и подигнувањето на јавната свест на граѓаните во постапувањето со отпадот се клучни за реализација на активностите од Програмата.

За информирање на јавноста околу работата на Општината и ЈКП Дервен, поврзано со имплементација на системот за организирано управување со отпадот ќе се користат сите медиуми за информирање.

Сите евентуални промени поврзани со спроведувањето на системот ќе бидат навремено објавувани. Информации ќе може да се добијат и на веб страната на Општина Велес и ЈКП Дервен.

Општина Велес доследно спроведувајќи го концептот "3Р" во 2019г. воведе пракса на задната страна на сметката за комунални услуги да се печатат информации околу правилното постапување со отпадот во неколку наврати. Со ваквиот начин на информирање, наместо со дополнително печатење на летоци се дава и личен придонес на општината во штедење на ресурсите и доследна примена на концептот "3Р".

И оваа година при потреба на задната страна на сметката за комунални услуги ќе се печатат информации за постапување со отпадот.

| **АКТИВНОСТИ** | **Одговорна институција** | **Временска рамка (годишен квартал)** | **Средства од ЈКП Дервен (МКД)** | **Средства од Програмата (МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Печатење на информации за:<br>-Акција за постапување со отпадно стакло<br>- Акција за постапување со електронски отпад<br>- Акција за габаритен отпад<br>- Постапување со отпадни батерии<br>-Правилно управување со отпадот<br>-Информации и воведени новини во системот за управување со отпадот<br>-Законски обврски на правните и физичките лица во постапување со отпадот | Општина Велес | I-IV | / | / |
| **ВКУПНО** | | | **/** | **/** |

**Задача 2: Оперативност на Собирниот центар на отпад од пакување**

Собирниот центар обезбедува континуирани активности за сортирање, балирање, мерење и складирање на отпадот, негово предавање на овластен постапувач, подготовка на документација за колективниот постапувач, одржување на опремата во кондиција (преса, вага палетар, стокова вага, опрема за видео надзор, фотоволтаичен систем и сл.).

Превземањето на отпадот од примарната селекција ќе се врши двапати месечно во сабота, во текот на денот. Оваа година ќе се вклучат и корисници кои ќе добијат садови за селекција во 2022г.

| **АКТИВНОСТИ** | **Одговорна институција** | **Временска рамка (годишен квартал)** | **Средства од ЈКП Дервен (МКД)** | **Средства од Програма (МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Одржување на функционалноста на Собирниот центар со целокупната опрема | ЈКП Дервен | I-IV | / | / |
| Предавање на отпадот на овластени постапувачи и подготовка на документација за известување и евиденција | ЈКП Дервен | II-IV | / | / |
| Спроведување на селекцијата во нови домаќинства | ЈКП Дервен | I-IV | тековни транспортни трошоци | / |
| Собирање на картонска амбалажа од комерцијалниот сектор во утврденото подрачје | ЈКП Дервен | III | тековни транспортни трошоци | / |
| **ВКУПНО:** | **/** | **/** | **/** | **/** |

## V.5 МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА/ПЛАНОТ

**Задача 1: Оценување на спроведување на Програмата**

Евалуацијата ќе им овозможи на сите кои се вклучени во системот да можат да утврдат што е направено, а што не, кои се слабостите на системот, успесите и неуспесите при спроведувањето на системот, трошоците, инвестициите, добивката, стекнатото искуство кое ќе може да се примени во планирањето на идните активности.

| **АКТИВНОСТИ** | **Одговорна институција** | **Временска рамка (годишен квартал)** | **Средства од ЈКП Дервен (МКД)** | **Средства од Програмата (МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Организирање на работни состаноци | Општина Велес | I-IV | / | / |
| Спроведување на мониторинг преку водење на дневна, месечна и годишна евиденција во постапувањето со отпадот | ЈКП Дервен | I-IV | / | / |
| **ВКУПНО:** | | | **/** | **/** |

**Задача 2: Ажурирање на базата на податоци за отпад**

| **АКТИВНОСТИ** | **Одговорна институција** | **Временска рамка (годишен квартал)** | **Средства од ЈКП Дервен (МКД)** | **Средства од Програмата (МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Ажурирање на податоците за корисниците на услугата, покриеност на теренот, бројот на склучени договори | ЈКП Дервен | континуирано | / | / |
| Склучување на договори со нови правни субјекти за собирање на отпад | ЈКП Дервен | континуирано | / | / |
| Мерење на постигнатите резултати за 2021 година – годишен извештај до МЖСПП | ЈКП Дервен, Општина Велес | I | / | / |
| **ВКУПНО:** | | | **/** | **/** |

## VI.БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

| СТАВКА | Средства од ЈКП Дервен (МКД) | Средства од Програмата (МКД) |
|---|---|---|
| Поправка и одржување на контејнери | 300.000 | / |
| Набавка на 6 подземни контејнери | / | 1.560.000* |
| Набавка на 14000 канти од 120л. | / | 1.540.000* |
| Набавка на вреќа за комунален отпад за подземен контејнер | 60.000 | / |
| Набавка на ново возило за празнење и подигнување на подземните контејнери | 10.000.000 | / |
| Годишна акција за габаритен отпад | 200.000 | / |
| Чистење на диви депонии | / | 500.000** |
| **ВКУПНА СУМА:** | **10.560.000** | **3.600.000** |

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат со сопствени средства од ЈКП Дервен и од Буџетот на Општина Велес, со средства од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2022 год.

Средствата за набавка на садови за отпад (ставки обележани со * во горенаведената табела) се предвидени во РА ставка - Управување со отпад (капитални расходи) од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2022 год. во вкупен износ од 3.100.000 денари, а набавката ќе биде спроведена од страна на општината.

За Средствата за расчистување на дивите депонии (ставки обележани со ** во горенаведената табела) се предвидени во Р1 ставка – Програма за управување со отпад од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2022 год. во износ од 500.000 ден., за што Општина Велес ќе спроведе јавна набавка.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Контрола над спроведувањето на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2022 година врши Одделението за заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-1130/16
28.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**бр.41**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес (средства за ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес)**

Се објавува Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес (средства за ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес), што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/16
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.21/2021), согласно барањето на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ Велес, а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес (средства за ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес)**

1.Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2022 година во висина од 1.088.913,00 денари на сметка на ЈП „Парк -Спорт и Паркинзи“ Велес.

2. Средства утврдени во точката 1 на ова решение, се одобруваат од Советот на Општина Велес, за тековното работење на претпријатието и истите ќе се исплатат во два дела во наредниот период.

3.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2022 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 46, ставка 464, потставка 464990 – други трансфери.

4.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение.

5.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1130/17
28.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**бр.42**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување претседател и членови на Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации**

Се објавува Решението за именување претседател и членови на Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/17
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 32, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 06/19 и 08/21), а согласно Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 05/15 и 11/18 )

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.02.2022 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за именување претседател и членови на Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации**

1. За Претседател на Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации, се именува:

- Коста Нојков

2. За членови на Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации, се именуваат:

- Игор Стојанов и
- Ружица Петрушевска Николовска претставници од Советот на Општина Велес и
- Елизабета Јовчевска и
- Сања Карабатова Игновска претставници од општинска администрација

3. Комисијата во својата работа ќе се води според одредбите на Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 05/15 и 11/18).

4. Комисијата за својата работа до Советот, доставува предлог-одлука со која се утврдуваат корисниците на просториите на кои се доделуваат простории на користење, а се во сопственост на Општина Велес.

5 .
Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1130/18
28.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**бр.43**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за разрешување и именување на претставник на Општина Велес за член на Управен одбор во Локалната Установа „Народен музеј" Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување на претставник на Општина Велес за член на Управен одбор во Локалната Установа „Народен музеј" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/18
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 12 од Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.103/21) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување членови на Управен одбор во Локалната Установа Народен музеј Велес**

1.Членовите Драган Стојановски, Богдан Ѓошев, Владимир Смилев и Елица Николова се разрешуваат од должноста членови на Управен одбор во Локалната Установа Народен музеј Велес.

2.За членови на Управен одбор на Локалната Установа „Народен музеј“ Велес, се именуваат:

- Васе Крстиќ,
- Весна Стефановска и
- Марија Атанасовска претставници од Советот и
- Елица Николова претставник од ЛУ Народен музеј Велес.

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/19
28.02.2022 година
Велес

Претседате
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**бр.44**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за разрешување и именување на претставник на Општина Велес за член на Управен одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување на претставник на Општина Велес за член на Управен одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/19
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 58, став 2 и став 4, од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.248/20 и 302/20), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член во Управен одбор на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес**

1. Александар Гулевски се разрешува од должност член на Управен одбор во ОУД„Лазар Лазаревски“ Велес.

2. За член на Управен одбор на ОУД„Лазар Лазаревски“ Велес, претставник од Општина Велес се именува:

Рајна Стојанова

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службенгласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/20
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.45**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за разрешување и именување член на Управен одбор во ОЈУД „Димче Мирчев“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување член на Управен одбор во ОЈУД „Димче Мирчев“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/20
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 114 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21) член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување членови на Управен одбор во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес**

1. Зага Колодезни и Андреј Ќамилов претставници од Општина Велес, се разрешуваат од должност членови на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес.

2. За членови на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес претставници од Општина Велес се именуваат:

- Љубинка Тевчева и
- Мери Перкова

Мандатот на членовите е за период 4 години од денот на нивното именување .

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/21
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.46**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2022 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес**

Се објавува Решението за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2022 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/21
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06,13/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2022 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес**

1. Со ова Решение се дава согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2022 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес со бр.01-72/1 од 28.01.2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1130/22
28.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.47**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Програма за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие „Парк Спорт и Паркинзи“ Велес со финансиски план за работа**

Се објавува Заклучокот за усвојување Програма за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие „Парк Спорт и Паркинзи“ Велес со финансиски план за работа, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/22
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,03/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19) и член 11 точка 8 Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Програма за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие „Парк Спорт и Паркинзи“ Велес со финансиски план за работа**

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие „Парк Спорт и Паркинзи“ Велес со финансиски план за работа.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-1130/23
28.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.48**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Деловник за работа на парципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за донесување Деловник за работа на парципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/23
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), во врска со член 46 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“, бр.32/20), член 37,38,39 и 40 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.02.2022 година донесе

**Д Е Л О В Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**Член 1**

Со овој деловник се уредува начинот на работа на Партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Велес (во понатамошниот текст: партиципативното тело).

**НАЧИН НА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО**

**Член 2**

Партиципативното тело од областа на урбанизмот при Општина Велес одлучува за прашањата од својата надлежност кои се уредени со член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/20).

Партиципативното тело е составено од повеќе членови, кои се именуваат од редот на членови на комисијата за урбанизам на општината, стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, лица претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и др.

Членуваат и доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од единицата на локалната самоуправа.

Истото се формира со посебно донесено решение од Градоначалникот на Општина Велес.

**Член 3**

Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.

Работата на партиципативното тело е јавна.

Партиципативното тело работи и одлучува на седници.

Партиципативното тело одржува седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Првата седница по формирањето на партиципативното тело ја свикува претседателот на Советот на Општина Велес.

На првата седница партиципативното тело од редот на своите членови избира претседател и заменик претседател, за што се води записник од страна на лице вработено во општината.

Претседателот се избира од редот на членовите кои што се стручни во областа на урбанистичко планирање.

По извршениот избор, претседателот продолжува со водење на седницата.

**Член 4**

Седниците на партиципативното тело ги свикува и со нив раководи претседателот, а во случај на спреченост, неговиот заменик ги свикува и раководи со седниците.

Доколку и двајцата се спречени да присуствуваат на седницата, со телото раководи член кој го одредува претседателот на телото.

Седница на партиципативното тело се закажува по барање на претседателот, најмалку тројца членови или на барање на Градоначалникот на Општина Велес.

Пред почетокот на седницата, претседателот го утврдува бројот на присутни членови на партиципативното тело.

Партиципативното тело може да работи и полноважно да одлучува, доколку се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови.

За донесена се смета онаа одлука за која гласале повеќе од половина од вкупниот број на присутни членови.

Одлучувањето на седницата е јавно со гласање „ЗА“ и „ПРОТИВ“.

**Член 5**

На седниците на партиципативното тело може да присуствуваат Градоначалникот на општината, членови на Советот и други заинтересирани субјекти со претходна најава, но без право на учество во одлучувањето.

**Член 6**

Партиципативното тело постапува по предмети од областа на урбанистичкото планирање за кои води постапка Општина Велес.

## ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

**Член 7**

Претседателот на партиципативното тело:

- претседава со седниците и учествува во работата и одлучувањето;
- обезбедува законито работење на партиципативното тело;
- се грижи за примена на деловодникот за работа и
- ги потпишува одлуките кои партиципативното тело ги донело.

По исклучок од алинеја 4, доколку претседателот е спречен да учествува во работата на партиципативното тело, актите ги потпишува неговиот заменик или членот кој ја води работата на телото.

**Член 8**

Членот на партиципативното тело:

- учествува во работата и одлучува по прашањата што се ставени на дневен ред на седницата;
- дава изјави, предлози и мислења по прашања од надлежност на партицинативното тело и
- го спроведува деловникот за работа на партиципативното тело.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Овој деловник влегува во сила со денот наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Измени и дополнувања на овој деловник се вршат во иста постапка како и за неговото донесување.

Број 25-1130/24
28.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.49**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување Заклучок за разгледување Информација за укинување на Одлука за продолжување на функционирањето на објектите од времен карактер на територијата на Општина Велес, во кои се врши трговска или друга услужна дејност до обезбедување на соодветни услови за работа донесена од Советот на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за разгледување Информација за укинување на Одлука за продолжување на функционирањето на објектите од времен карактер на територијата на Општина Велес, во кои се врши трговска или друга услужна дејност до обезбедување на соодветни услови за работа донесена од Советот на Општина Велес,

што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 25.02.2022 година.

Број 08 – 1160/24
01.03.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 25.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за разгледување Информација за укинување на Одлука за продолжување на функционирањето на објектите од времен карактер на територијата на Општина Велес, во кои се врши трговска или друга услужна дејност до обезбедување на соодветни услови за работа донесена од Советот на Општина Велес**

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за укинување на Одлука за продолжување на функционирањето на објектите од времен карактер на територијата на Општина Велес, во кои се врши трговска или друга услужна дејност до обезбедување на соодветни услови за работа донесена од Советот на Општина Велес.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1130/25
28.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**бр.50**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-518/5
28.02.2022 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 5 од Правилникот за утврдување начин за доделување средства од Буџетот на Општина Велес предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита („Сл. гласник на Општина Велес" бр.01/22),

Градоначалникот на Општина Велес, донесе

**КРИТЕРИУМИ
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА
ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ПО ПРОГРАМАТА
ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА
НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА**

**Вовед**

Средства од Буџетот на Општина Велес за еднократна парична помош се доделуваат на жители на општината по претходно дадено мислење и предлог од Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

Средствата се предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита.

**Критериуми за подобност**

Еднократна парична помош се доделува за:

- Ублажување на штета од елементарна непогода – пожар, поплава и сл (со приложен записник од утврдена штета од надлежни органи).
- Социјално загрозени семејства
- Деца без родители и родителска грижа
- Лекување

- Корисник на овие средства може да биде исклучиво жител на Општина Велес.
- Заедно со барањето да има доставено уредна документација од која може да се констатира потребата на лицето.
- Да поседува активна трансакциска сметка на која ќе исплатат одобрените средства.

**1. Ублажување на штета од елементарна непогода – пожар, поплава и сл.**

**Буџетски средства не се доделуваат за:**

- Претрпени незначителни штети на недвижен имотот
- Настанати штети на помошни простории (гаража, шупа и сл.)
- Настанати штети на движен имот (мебел, возила и сл.)
- Настанати штети на објекти за одмор и рекреација(викенд куќи)

**Буџетски средства се доделуваат за помош при:**

- Настанати штети на недвижен имот – живеалиште(по лична карта)
- Заедно со барањето потребно е да се достави записник од надлежен орган за настанатата штета –ТППЕ Велес, Комисија за штети и МВР – СВР Велес, како и доказ за сопственост на живеалиштето(имотен лист).

**2. Социјално загрозени семејства**

**Буџетски средства не се доделуваат за:**

- Подмирување на комунални трошоци
- Подмирување на долгови по различни основи
- Купување на движен и недвижен имот

**Буџетски средства се доделуваат за помош за:**

- Егзистенцијални потреби.
- Жртви на семејно насилство.
- Бездомници.
- Деца и лица со физичка или ментална попреченост.

Заедно со барањето потребно е да се достави и потврда од Центарот за социјална работа Велес со која ќе се потврди дека лицето е корисник на гарантирана минимална помош (ГМП) или друго право од социјалната заштита и за деца и лица со физичка или ментална попреченост заедно со барањето потребно е да се достави наод и мислење за видот и степенот на попреченоста и посебните потреби на деца и лица со пречки во развојот.

**3. Деца без родители и родителска грижа.**

**Помошта на оваа категорија корисници се состои од:**

- Поддршка за набавка на училишен прибор,
- Помош на децата сместени во згрижувачки установи за задоволување на посебни потреби – матура, рехабилитација и сл. по препорака од установата.

Во име на корисникот на средствата барањето го доставува старателот или установата во која е згрижено детето.

Доказ за статус дете без родител и родителска грижа општината обезбедува од ЈУМ ЦСР Велес.

**4. Лекување**

**Буџетски средства не се доделуваат за:**

- Лекување на лесни хронични и акутни заболувања
- Надоместок за нега на болен член на семејството
- Придружник (доколку не е препорачано од лекар)
- Патни трошоци во земјата и странство за придружник

**Буџетски средства се доделуваат за пошомош при лекување во земјата и странство на лица со:**

- Срцеви деформации
- Канцерогени заболувања
- Вродени аномалии
- Сложени хирушки зафати
- Постоперативна рехабилитација
- Набавка на соодветна медикаментозна терапија
- Патување на болниот во странство на лекување

Заедно со барањето потребно е да се достави и уредна медицинска документација ( извештај од лекар-специјалист, отпусна листа, историја на болеста и сл.) од која може да се констатира дијагнозата и потребата од помош.

Градоначалник
на Општина Велес,
Марко Колев

Изработил: Родна Трајковска
Одобрил: Елизабета Јовчевска
Согласен:Анита Пивкова

**Бр. на акт** **Страница**


| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| 26 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за неусвојување Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година**<br><br>**З А К Л У Ч О К за НЕусвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година** | 119 |
| 27 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2022 година**<br><br>**З А К Л У Ч О К за донесување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2022 година** | 119 |
| 28 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година**<br><br>**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година** | 121 |
| 29 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за учество на Општина Велес во проектот „Креативни можности во туризмот“ (CounT) одобрен во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ**<br><br>**ОДЛУКА за учество на Општина Велес во проектот „Креативни можности во туризмот“ (CounT) одобрен во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грцијаи Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ** | 124 |
| 30 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани - културните манифестации „59.Рацинови средби“ и „55.Детски Рацинови средби“**<br><br>**ОДЛУКА за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културните манифестации „59.Рацинови средби и 55.Детски Рацинови средби“** | 125 |
| 31 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани-културната манифестација „Велес мурал фест“**<br><br>**ОДЛУКА за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културната манифестација „Велес мурал фест“** | 126 |

| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| 32 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани - културната манифестација „Насмеј се“** | 127 |
| | **ОДЛУКА за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- културната манифестација „Насмеј се“** | |
| 33 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани-културната манифестација „Фестивал на џез, ворлд и современа музика“** | 128 |
| | **ОДЛУКА за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата-културната манифестација „Фестивал на џез, ворлд и современа музика“** | |
| 34 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здружение на граѓани - културната манифестација „Меѓународна скулпторска колонија“** | 129 |
| | **ОДЛУКА за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата-културната манифестација „Меѓународна скулпторска колонија“** | |
| 35 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес** | 130 |
| | **ОДЛУКА за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес** | |
| 36 | **З А К Л У Ч О К за објавување Правилник за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес** | 136 |
| | **ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МЛАДИ КОЈА ЌЕ РАКОВОДИ СО МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР ВО ВЕЛЕС** | |
| 37 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата на активностите на Општина Велес во областа на урбанистичкото планирање во 2022 година** | 133 |

**Бр. на акт** **Страница**

| | | |
|---|---|---|
| | **З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка наУрбанистички планови во Општина Велес за 2022 година** | |
| **38** | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за давање на управување доводен цевковод за водоснабдување на населените места Трпезица, Дурутовец и Чалошево и локалниот водоснабдителен систем во с.Чолошево од градскиот водоснабдителен систем Општина Велес на ЈКП „Дервен“** | **136** |
| | **О Д Л У К А за давање на управување доводен цевковод за водоснабдување на населените места Трпезица, Дурутовец и Чалошево и локалниот водоснабдителен систем во с.Чолошево од градскиот водоснабдителен систем Општина Велес на ЈКП „Дервен“** | |
| **39** | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Годишен Извештај за спроведување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2021 година** | **137** |
| | **З А К Л У Ч О К за усвојувањеГодишен извештај за спроведување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2021 година** | |
| **40** | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програмаза управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2022 година** | **137** |
| | **З А К Л У Ч О К задонесување Програмаза управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2022 година** | |
| **41** | **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес (средства за ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес)** | **148** |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес (средства заЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес)** | |
| **42** | **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за именување претседател и членови на Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации** | **148** |
| | **РЕШЕНИЕ за именување претседател и членови на Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации** | |
| **43** | **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување и именување на претставник на Општина Велес за член на Управен одбор во Локалната Установа „Народен музеј“ Велес** | **149** |

| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| | **Р Е Ш Е Н И Е** заразрешување и именување членовина УправенодборвоЛокалната Установа Народен музејВелес | |
| 44 | **З А К Л У Ч О К** за објавување Решение за разрешување и именување на претставник на Општина Велес за член на Управен одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес | 150 |
| | **Р Е Ш Е Н И Е** за разрешување и именување претставник на Општина Велесза член во Управен одбор на ОУД „Лазар Лазаревски“Велес | |
| 45 | **З А К Л У Ч О К** за објавување Решение за разрешување и именување член на Управен одбор во ОЈУД „Димче Мирчев“ Велес | 151 |
| | **Р Е Ш Е Н И Е** за разрешување и именување членови на Управен одбор во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес | |
| 46 | **З А К Л У Ч О К** за објавување Решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2022 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес | 151 |
| | **Р Е Ш Е Н И Е** за давање согласност наИзмена на Годишен план за вработување за 2022 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес | |
| 47 | **З А К Л У Ч О К** за објавување Заклучок за усвојување Програма за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие „Парк Спорт и Паркинзи“ Велес софинансиски план за работа | 152 |
| | **З А К Л У Ч О К** за усвојување Програма за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие „Парк Спорт и Паркинзи“ Велес со финансиски план за работа | |
| 48 | **З А К Л У Ч О К** за објавување Деловник за работа на парципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Велес | 153 |
| | **Д Е Л О В Н И К ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС** | |

| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| 49 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за разгледувањеИнформација за укинување на Одлука за продолжување на функционирањето на објектите од времен карактер на територијата на Општина Велес, во кои се врши трговска или друга услужна дејност до обезбедување на соодветни услови за работа донесена од Советот на Општина Велес**<br><br>**З А К Л У Ч О К**<br>**заразгледувањеИнформација за укинување на Одлука за продолжување на функционирањето на објектите од времен карактер на територијата на Општина Велес, во кои се врши трговска или друга услужна дејност до обезбедување на соодветни услови за работа донесена од Советот на Општина Велес** | 154 |
| бр.50 | **КРИТЕРИУМИ ЕДНОКРАТНА ПОМОШ** | 156 |

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095  Народна банка на РМ
Сметка на буџетски  корисник:  711014100963010
Приходна шифра и програма  725939 - 00